# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 7.7.2025 година<br>Скопје<br>Број 8 год. XX | Претплатата за 2025 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јули, 2025 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.


- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/42 од 10.6.2025 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за период јануари-март 2025 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, Решение за објавување .............................................. 1 - 2

- Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО Скопје, Решение за објавување ........................................................................... 3 - 4

- Одлука за усвојување на финалниот Извештај за Реализација на Годишната програма на Установата од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО" за 2024 година, Решение за објавување ............................................. 5 - 6

- Заклучок за прифаќање на Иницијатива за Имплементација на обуката за самозаштита во Годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Центар-Скопје, Решение за објавување .............................................. 7 - 8

- Одлука за измена на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција, Решение за објавување ................................. 9 - 10

- Одлука за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување во 2025 година, во Општина Центар-Скопје, Решение за објавување .................................................................. 11 - 12

- Одлука за донесување/недонесување Техничка исправка за ГП 2.1 во ДУП Градска четврт Ц 04 – Дом на градежници, Општина Центар-Скопје, тех.бр. 0801-611/18 од декември 2020, донесен со Одлука бр. 08-708/2 од 28.1.2021 година, Решение за објавување ........................................................................ 13 - 14

- Одлука за донесување/недонесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел-исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................ 15 - 18

- Одлука за давање на користење на спортските сали на општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје без надоместок на КК „Работнички" АД Скопје во учебната 2025/2026 година, со Решение за објавување .................... 19 - 20

- Одлука за давање согласност на Одлуката за извршен отпис на основни средства, донесена од Училишниот одбор на ООУ „Св. Кирил и Методиј", со Решение за објавување ................ 21 - 22

- Одлука за давање согласност на Статут на приватната установа за деца Детска градинка „ФИЛОС-ЛИТЛ ЛЕНГУИЧ ЛЕРНЕРС" од подрачјето на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................................... 23 - 24

- План за измена и дополнување на план на програми за развој за период 2025-2027 година на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............................................................ 25 - 38

- Програма за измена и дополнување на Програматата за уредување на градежно земјиште на Општина Центар-Скопје за 2025 година, со Решение за објавување ...................................... 39 - 43

- Програма за измена и дополнувања на Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2025 година, со Решение за објавување ............................................................. 44 - 53

- Програма за реконструкција и  санација на основните училишта на Општина Центар-Скопје за 2025 година, со Решение за објавување ............................................................ 54 - 57

- Програма за измена и дополнувања на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2025 година, со Решение за објавување ........................................................................... 58 - 60

- Програма за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2025 година, со Решение за објавување ............................................................ 61 - 64

- Програма за измена и дополнувања на Програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2025 година, со Решение за објавување ........................................................... 65 - 68

- Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје за 2025година, со Решение за објавување ......................................... 69 - 75

- Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2025 година, со Решение за објавување ............. 76 - 121

- Одлука за прифаќање донација од АД Осигурителна полиса, Скопје, со Решение за објавување ............................................... 122 - 123

- Одлука за доделување парична помош, со Решение за објавување ........................................................................... 124 - 125

- Јавни објави ........................................................................... 126 - 127

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/42 од 10.6.2025 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период јануари-март 2025 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/42 од 10.6.2025 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период јануари-март 2025 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/3
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19; 89/22; 274/22 и 208/24) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/42 од 10.6.2025 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период јануари-март 2025 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/42 од 10.6.2025 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период јануари-март 2025 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3717/2
4.7.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР ЈАДРО Скопје**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР ЈАДРО Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/5
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) Советот на Општина Центар-Скопје на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР ЈАДРО Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР ЈАДРО Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР ЈАДРО Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3717/4 | Совет на Општина Центар-Скопје
4.7.2025 година | Претседател
С к о п ј е | Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на финалниот Извештај за реализација на Годишната програма на Установата од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО“ за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на финалниот Извештај за реализација на Годишната програма на Установата од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО“ за 2024 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/7
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година, расправаше по финалниот Извештај за реализација на Годишната програма на Установата од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО“ за 2024 година и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на финалниот Извештај за реализација на Годишната програма на Установата од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО“ за 2024 година**

1. Се усвојува финалниот Извештај за реализација на Годишната програма на Установата од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО за 2024 година.

2. Овој Заклучок да се достави до Установата од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО“.

3. Заклучокот стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3717/6
4.7.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за „Имплементација на едукација за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за „Имплементација на едукација за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/9
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година, расправаше по Предлог иницијативата за имплементација на обука за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Центар-Скопје и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Иницијатива за „Имплементација на едукација за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Центар-Скопје**

1. Се прифаќа Иницијатива за „Имплементација на едукација за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Центар-Скопје.

2. Едукацијата за самозаштита утврдена во точка 1 од овој Заклучок ќе ја реализираат Општинските основни училишта на подрачјето на општина Центар-Скопје

3. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Центар-Скопје.

Бр. 08-3717/8
4.7.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/11
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 4, 5, 6, 7, 8 и член 9 став 2 алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ“ број 79/09 и „Службен весник на РСМ“ бр. 241/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 50. седница, одржана на ден 4.7.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од обласата на градежната инспекција

### Член 1

Во Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од обласата на градежната инспекција („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 12/24 и 3/25), во член 1, во последниот ред, се врши измена која гласи:

- „за временски период од 9 (девет) месеци“

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3717/10
4.7.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во 2025 година во Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во 2025 година во Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/13
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во 2025 година во Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување во 2025 година во Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е образецот на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Центар-Скопје во 2025 година.

**Член 3**

По добиената согласност Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ја донесе Измената на Годишниот план за вработување во 2025 година во Општина Центар-Скопје и да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 4**

Секторот за финансиски прашања се задолжува во Буџетот за 2025 година на Општина Центар-Скопје да предвиди средства за реализација на Измената на Годишниот план за вработување во 2025 година во Општина Центар-Скопје.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3717/12
4.7.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување Техничка исправка за ГП 2.1 во ДУП Градска четврт Ц 04-Дом на градежници, Општина Центар-Скопје, тех.бр. 0801-611/18 од декември 2020, донесен со Одлука бр. 08-708/2 од 28.1.2021 година**

Се објавува Одлуката за донесување Техничка исправка за ГП 2.1 во ДУП Градска четврт Ц 04-Дом на градежници, Општина Центар-Скопје, тех.бр. 0801-611/18 од декември 2020, донесен со Одлука бр. 08-708/2 од 28.1.2021 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/15
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), а во врска со член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25 и 101/25), Советот на Општина Центар-Скопје на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување Техничка исправка за ГП 2.1 во ДУП Градска четврт Ц 04-Дом на градежници, Општина Центар-Скопје, тех.бр. 0801-611/18 од декември 2020, донесен со Одлука бр. 08-708/2 од 28.1.2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка за ГП 2.1 во ДУП Градска четврт Ц 04 – Дом на градежници, Општина Центар – Скопје, тех.бр. 0801-611/18 од декември 2020, донесен со Одлука бр. 08-708/2 од 28.1.2021 година, во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25 и 101/25). Техничката исправка е изработена со технички број 0801-136/25 од јуни 2025 година од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.

**Член 2**

Техничката исправка се врши за градежната парцела 2.1 од Деталниот урбанистички план Градска четврт Ц 04 – Дом на градежници, донесен од Советот на Општина Центар – Скопје со Одлука број 08-708/2 од 28.1.2021 година.

На Техничката исправка за ГП 2.1 во ДУП Градска четврт Ц 04 – Дом на градежници, Општина Центар – Скопје, тех.бр. 0801-611/18 од декември 2020, донесен со Одлука бр. 08-708/2 од 28.1.2021 година, издадено е Позитивно мислење бр. 09-3634/2 од 20.6.2025 година од Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Центар - Скопје со Решение бр. 09-2266/1 од 8.4.2025 година и претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Со донесувањето на оваа Одлука Техничката исправката ќе стане составен дел на Деталниот урбанистички план Градска четврт Ц 04 – Дом на градежници, донесен од Советот на Општина Центар – Скопје со Одлука број 08-708/2 од 28.1.2021 година и ќе може да се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за којшто важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3717/14 — Совет на Општина Центар-Скопје
4.7.2025 година — Претседател
С к о п ј е — Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел-исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел-исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/17
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општината Центар – Скопје („Службен гласник на Општина Центар – Скопје“ бр.1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25), Советот на Општина Центар-Скопје, на 50. седница одржана на 4.7.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел-исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува План за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел – исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар – Скопје, изработен од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје со технички број 19/25-У од јуни 2025 година, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23 и 7/25).

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел – исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар – Скопје претставува разработка на Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план Голем Ринг Јужен дел – Исток (опфат помеѓу ул. В.В.Аџиларски, р.Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. М.Ацев), Општина Центар - Скопје, донесен од Советот на Општина Центар - Скопје со Одлука бр.07-9816/10 од 21.12.2012 година.

План за парцелација е графички прилог и составен дел на урбанистичкиот план во кој се врши секундарната поделба на градежното земјиште односно во кој се формираат градежните парцели, додека во урбанистичкиот проект планот за парцелација е планско-проектен документ за препарцелација на формирани парцели.

**Член 2**

Опфатот на Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел – исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар – Скопје е ограничен на КП 12092/4, КП 12092/5, КП 12092/9, КП 12092/10, КП 12092/15, КП 12092/17, КП 12134/2, КП 12135/2, КП 12136/2, КП 12137/2, КП 12138/5, КП 12138/6, КП 13826/3, КП 13826/4, КП 13826/6 и КП 13828/6, КО Центар 1, Општина Центар – Скопје.
Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 13654м² (1,37ха).

**Член 3**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение 09-2266/1 од 8.4.2025 година за Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел – исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар – Скопје, издаде Позитивно мислење со бр.09-2658/7 од 2.7.2025 година (со прилог Известување за разгледан идеен проект бр.26-2658/6 од 2.7.2025 година), со кое што потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23 и 7/25).

**Член 4**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел – исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар – Скопје, ќе се одобри од страна на Градоначалникот веднаш по донесувањето на Планот за парцелација.

**Член 5**

Потврдениот Урбанистички проект задолжително се објавува во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службениот гласник на Општина Центар – Скопје" и на веб - страницата на Општината.

**Член 6**

Потврдениот Урбанистички проект станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој овластен пристап имаат донесувачот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности и другите учесници на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

**Член 7**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел – исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар – Скопје, може да се спроведува по извршено дигитално преклопување.
Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето за потврдениот урбанистички проект, да го изврши дигиталното преклопување.

**Член 8**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел – исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина

Центар-Скопје, ќе се применува по исполнување на одредбите од членовите 4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука.

**Член 9**

Составен дел на оваа Одлука е Планот за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на три градежни парцели од ГП 1.1 во Изменување и дополнување на ДУП Голем ринг јужен дел – исток, опфат помеѓу улиците: ул. Васил Аџиларски, река Вардар, бул. Кочо Рацин и ул. Мирче Ацев, Општина Центар – Скопје.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар–Скопје".

Бр. 08-3717/16
4.7.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на користење на спортските сали на општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје без надоместок на КК „Работнички“ АД Скопје во учебната 2025/2026 година**

Се објавува Одлуката за давање на користење на спортските сали на општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје без надоместок на КК „Работнички“ АД Скопје во учебната 2025/2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/19
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на користење на спортските сали на Општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје без надоместок на КК „Работнички“ АД Скопје во учебната 2025/2026 година**

## Член 1

Со оваа Одлука се задолжуваат Општинските основни училишта „Кочо Рацин“, „Јохан Хајнрих Песталоци“, „Коле Неделковски“, „11 Октомври“, „Димитар Миладинов“ и „Киро Глигоров“ од територијата на Општина Центар-Скопје да му обезбедат на Друштвото за спортски дејности КК „Работнички“ АД Скопје термини за користење на спортските сали без надомест во наведените училишта и тоа:

| ООУ | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| ООУ „Кочо Рацин“ | 15:30-16:30 | 16:00-17:00 | 15:30-16:30 | 16:00-17:00 | 15:30-16:30 |
| ООУ „Ј.Х.Песталоци“ | 15:30-16:30 | 15:30-16:30 | 15:30-16:30 | 15:30-16:30 | 15:30-16:30 |
| ООУ „Коле Неделковски“ | 15:00-16:00 | 15:00-16:00 | 15:00-16:00 | 15:00-16:00 | 15:00-16:00 |
| ООУ „11 Октомври“ | 16:00-17:00 | 16:00-17:00 | 16:00-17:00 | 16:00-17:00 | 15:00-16:00 |
| ООУ „Димитар Миладинов“ | 15:30-16:30 | 15:30-16:30 | 15:30-16:30 | 15:30-16:30 | 15:30-16:30 |
| ООУ „Киро Глигоров“ | 15:00-16:00 и 20:00-23:00 | / | 15:00-16:00 и 20:00-23:00 | / | 15:00-16:00 и 20:00-23:00 |

## Член 2

Се задолжуваат Општинските основни училишта од член 1 од оваа Одлука да склучат договори за користење на спортските сали.

## Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3717/18 Совет на Општина Центар-Скопје
4.7.2025 година Претседател
С к о п ј е Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за извршен отпис на основни средства, донесена од Училишниот одбор на ООУ „Св. Кирил и Методиј“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за извршен отпис на основни средства, донесена од Училишниот одбор на ООУ „Св. Кирил и Методиј“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/21
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 26 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар- Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21),Советот на Општина Центар-Скопје, на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката за извршен отпис на основни средства, донесена од Училишниот одбор на ООУ „Св. Кирил и Методиј-Скопје"**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Центар-Скопје дава согласност на Одлуката за извршен отпис на основни средства, донесена од Училишниот одбор на ООУ „Св. Кирил и Методиј-Скопје" со бр. 02-138/03 од 29.4.2025 година.

**Член 2**

Се задолжува Директорот на ООУ „Св. Кирил и Методиј-Скопје" да ја реализира оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Центар".

Бр. 08-3717/20
4.7.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Статут на приватна установа за деца Детска градинка „ФИЛОС-ЛИТЛ ЛЕНГУИЧ ЛЕРНЕРС“ од подрачјето на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Статут на приватна установа за деца Детска градинка „ФИЛОС-ЛИТЛ ЛЕНГУИЧ ЛЕРНЕРС“ од подрачјето на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/23
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 19 точка 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19; 146/19; 275/19; 311/20; 294/21; 150/22; 236/22 и 17/25) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност на Статут на приватна установа за деца Детска градинка „ФИЛОС-ЛИТЛ ЛЕНГУИЧ ЛЕРНЕРС" од подрачјето на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Советот на Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Статут на приватна установа за деца Детска градинка „ФИЛОС-ЛИТЛ ЛЕНГУИЧ ЛЕРНЕРС" од подрачјето на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до Приватната установа за деца Детска градинка „ФИЛОС-ЛИТЛ ЛЕНГУИЧ ЛЕРНЕРС".

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3717/22<br>4.7.2025 година<br>С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>Претседател<br>Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Измените и дополнувањата на Планот на програми за развој за период 2025-2027 година на Општина Центар-Скопје**

Се објавуваат Измените и дополнувањата на Планот на програми за развој за период 2025-2027 година на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ги донесе на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година.

Бр. 09-3717/25
4.7.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Во согласност со член 21-б од Законот за буџети („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21) и со член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 50. седница, одржана на 4.7.2025 година, донесе

## ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОД 2025-2027 ГОДИНА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Во планот на програми за развој за период 2025-2027 година се врши изменување во следните активности:

| | |
|---|---|
| **Активност бр.1** | Доградба на училници во ОУ „Коле Неделковски" со површина од 500 $м^2$. |
| **Очекуван резултат-ефект** | Зголемување на капацитетот на училиштето, подобри услови за учениците. |
| **Ризик** | / |
| **Локација -ДУП** | ОУ „Коле Неделковски" |
| **Датум за почеток** | 2021 година |
| **Датум за завршување** | 2025 година |
| **Поврзаност со други програми** | Програма за образование, Потпрограма за уредување на градежно земјиште |
| **Проект** | Основниот Проект е изработен од фирмата Инком Инженеринг, Извршена е ревизија на Основниот Проект од фирмата Евро консалтинг |
| **Фирма** | Има изведувач. Склучен е договор со фирмата Вардар Градба за прва фаза, за втора фаза нема договор. |

| **Договор - Вредност** | Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 65.200.000,00 денари во која е предвидена и вредноста за вршење на стручен надзор. | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** |
| **Вредност** | **1.600.000,00 денари исплатено** | **0,00 денари** | **27.000.000,00 денари** | **26.600.000,00 денари** | **10.500.000,00 денари** |
| | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање |
| **Година** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** |
| **Вредност** | **1.600.000,00 денари исплатено** | **0,00 денари** | **27.000.000,00 денари** | **26.600.000,00 денари** | **10.000.000,00 денари** |
| **Образложение:** Во сегашната важечка урбанистичка планска документација (ДУП Дебар Маало 1) предвидено е П+1. | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност бр.2** | Пренаменување на улица Мирослав Крлежа (поранешна Ѓуро Ѓаковиќ) во пешачка зона и резиденцијална зона, со ново улично осветлување , поставување на урбана опрема и реконструкција на коловозот. | | | | |
| **Очекуван резултат-ефект** | Реконструирана целосно и пренаменување во пешачка зона. | | | | |
| **Ризик** | / | | | | |
| **Локација -ДУП** | Дебар Маало | | | | |
| **Датум за почеток** | 2021 година | | | | |
| **Датум за завршување** | 2027 година | | | | |
| **Поврзаност со други програми** | Потпрограма за уредување на градежно земјиште | | | | |
| **Проект** | Основниот Проект е изработен од фирмата Инком Инженеринг | | | | |
| **Фирма** | Потребно е да се распише повторна јавна набавка . | | | | |
| **Договор - Вредност** | Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 71.500.000,00 денари средства од светска банка од кои 48.000.000,00 денари се планирани од светска банка а останатиот дел од средствата се планирани од Општина Центар. | | | | |
| **Година** | **2021** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Вредност** | **750.000,00 денари исплатено** | **0,00 денари** | **34.250.000,00 денари** | **9.000.000,00 денари** | **0,00 денари** |
| | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање |
| **Година** | **2021** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Вредност** | **750.000,00 денари исплатено** | **0,00 денари** | **10.500.000,00 денари** | **26.000.000,00 денари** | **34.250.000,00 денари** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност бр.5** | Локалитет Тасино Чешмиче – изградба на улици и комунална инфраструктура во локалитет Тасино Чешмиче - ул. Тодор Александров 6, ул. Тодор Александров 7, ул. Тодор Александров 8, ул. Тодор Александров 9, ул. Тодор Александров 11, ул. Тодор Александров 12 | | | |
| **Очекуван резултат-ефект** | Реконструкција на коловозот, само гребење и асфалтирање на улиците Елисие Поповски-Марко, Владимир Назор,Васил Левски и Ѓорги Абаџиев по цела должина | | | |
| **Ризик** | / | | | |
| **Локација -ДУП** | Ј06 (Тасино Чешмише) | | | |
| **Датум за почеток** | 2025 година | | | |
| **Датум за завршување** | 2027 година | | | |
| **Поврзаност со други програми** | Потпрограма за уредување на градежно земјиште | | | |
| **Проект** | Има изготвено проект и ревизија на истите | | | |
| **Фирма** | Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач | | | |
| **Договор - Вредност** | Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 52.000.000,00 денари | | | |
| **Година** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Вредност** | **500.000,00 денари** | **25.000.000,00 денари** | **25.000.000,00 денари** | **2.000.000,00 денари** |
| | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање |
| **Година** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Вредност** | **0,00** | **25.000.000,00 денари** | **25.000.000,00 денари** | **2.000.000,00 денари** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност бр.7** | Локалитет Клинички Блок – Изградба на детска градинка во локалитет Клинички блок | | |
| **Очекуван резултат-ефект** | Изградба на детска градинка во локалитет Клинички блок, со капацитет до 150 деца | | |
| **Ризик** | / | | |
| **Локација -ДУП** | Клинички Блок | | |
| **Датум за почеток** | 2025 година | | |
| **Датум за завршување** | 2027 година | | |
| **Поврзаност со други програми** | Потпрограма за уредување на градежно земјиште | | |
| **Проект** | Потребно е изработка на проект | | |
| **Фирма** | Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач | | |
| **Договор - Вредност** | Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 183.000.000,00 денари | | |
| **Година** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Вредност** | **3.000.000,00 денари** | **90.000.000,00 денари** | **90.000.000,00 денари** |
| | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање |
| **Година** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Вредност** | **4.000.000,00 денари** | **89.000.000,00 денари** | **90.000.000,00 денари** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност бр.8** | Локалитет Крњево – Изградба на детска градинка во локалитет Крњево | | |
| **Очекуван резултат-ефект** | Изградба на детска градинка во локалитет Крњево, со капацитет до 120 деца | | |
| **Ризик** | / | | |
| **Локација -ДУП** | Крњево | | |
| **Датум за почеток** | 2025 година | | |
| **Датум за завршување** | 2027 година | | |
| **Поврзаност со други програми** | Потпрограма за уредување на градежно земјиште | | |
| **Проект** | Потребно е изработка на проект | | |
| **Фирма** | Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач | | |
| **Договор - Вредност** | Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 143.000.000,00 денари | | |
| **Година** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Вредност** | **3.000.000,00 денари** | **70.000.000,00 денари** | **70.000.000,00 денари** |
| | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање | Предложено со репрограмирање |
| **Година** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Вредност** | **2.000.000,00 денари** | **71.000.000,00 денари** | **70.000.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| **Активност бр.9** | Модернизирањето на системот за јавно осветлување со воведување на ЛЕД-технологија и со примена на современи техники за управување и надзор има цел да се обезбедат/и:<br>- Подобри услови за одвивање на јавниот сообраќај<br>- Зголемена безбедност на јавните површини<br>- Намалување на светлосното загадување<br>- Намалување на потрошувачката на електрична енергија<br>- Намалување на трошоците за одржување<br>- Овозможување попрецизно планирање на буџетот<br>- Ослободување на фискален простор за други проекти<br>- Олеснување на планирањето за проширување на јавното осветлување<br>- Подобар естетски изглед на територијата на Општина Центар-Скопје<br>- Подобар квалитет на живот на граѓаните<br>- Распишување тендер, потпишување договор за јавно приватно партнерство. |
| **Очекуван резултат-ефект** | **Актуелни финансиски показатели**<br>Според расположливите податоци, вкупната годишна вредност на електричната енергија што е потрошена во 2021 година за потребите на јавното осветлување, што е предметна разгледување, изнесува околу 23.000.000,00 денари. Фактурираните услуги за тековно одржување на јавното осветлување за претходната година изнесуваат околу 8.000.000,00 денари што претставува реална слика за трошоците за одржување.<br>**Техничка анализа**<br>_Постоен систем на јавно осветлување воОпштина Центар-Скопје_<br>Системот за јавно осветлување во Општина Центар-Скопје се состои од столбови-носачи, светлечки тела, подземни и надземни електроводови, мерни места и придружна опрема (кабли, конектори, осигурувачи исл.).<br>Еден дел од мерната опрема се наоѓа во трафостаниците што се во надлежност на ЕВН Македонија. Металните столбови-носачи се во сопственост на Општината, а бетонските и дрвените столбови делумно се сопственост на ЕВН Македонија, делумно на кабелските провајдери и делумно на Македонски Телеком. Светилките се сопственост на Општината.<br>Разводната мрежа е сопственост на Општината, но сите интервенции на неа може да се вршат само со согласност од ЕВН Македонија.<br>Основните карактеристики на постојниот систем за јавно осветлување во ОпштинаЦентар-Скопје може да се сведат под следново:<br>- Не постои катастар за опрема за јавноосветлување<br>- Нема прецизни податоци за типовите, состојбата и за должината на подземните електроводови<br>- Нема прецизни податоци за надземните електроводови<br>- Нема прецизни податоци за користењето на столбовите-носачи од другите корисници (телекомуникации, кабелска телевизија, интернет исл.)<br>- Дотраените светлосни арматури и придружната опрема предизвикуваат чести дефекти<br>- Застарен систем за надзор и за управување<br>- Несразмерноста на вкупно инсталираната моќност на јавното осветлување и количината потрошена електрична енергија укажуваат на постоење на илегално приклучени потрошувачи |

| | |
|---|---|
